# ГЛАСИЛО
# GAZETË

Јуни 2026
Qershor 2026



**ЗЕЛС**
**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**BNJVL**
**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**



Почитувани,

Во текот на месец јуни, ЗЕЛС реализираше низа активности. Генералното собрание на ЗЕЛС ја одржа втората седница на која беа усвоени значајни документи од финансиското работење на Заедницата, а беа изнесени и реализираните активности во минатата година, како и идните планови. Во овој период, делегати од ЗЕЛС учествуваа на 25-тата седница во Брисел на Заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Северна Македонија и Комитетот на региони на Европската Унија, а претседателот на ЗЕЛС, Орце Ѓорѓиевски, се обрати на пленарната сесија на „Денови на проширување" – настан што традиционално го организира Комитетот на региони на Европската Унија. На работилницата за развивање и имплементација на планови за одржлива урбана мобилност, што се одржа во просториите на ЗЕЛС, присуствуваа: заменик-министерот на Владата на РСМ и министер за транспорт, заменик-министрите за внатрешни работи и за локална самоуправа, како и директорката на Канцеларијата на Светска банка за Северна Македонија и Косово. Беше нагласена заемната соработка за реализирање на инфраструктурни проекти и беше најавена набавка на 49 мултифункционални возила и опрема за одржување хигиена на патиштата, што ќе им бидат доделени на неколку поголеми општини.

Во овој период како најактуелен предизвик на локалната власт беше укажувањето од МОН за спроведување на оптимизација на училишната мрежа за 1. и 6. одделение, за што беше повикана министерката на МОН на дискусија во ЗЕЛС, заедно со членовите на Комисијата за образование. Како поддршка на општините за изработка на вакви планови, ЗЕЛС, заедно со МОН и УНИЦЕФ, во периодот од 23 до 25 јуни 2026 година во Велес, организираше три еднодневни работилници. ЗЕЛС им даде поддршка и на регионалните средби за утврдување на предлог-решенија за измени и дополнувања на Законот за заштита и благосостојба на животните.

Активности беа преземани и во однос на социјалната политика и во таа насока ЗЕЛС, НАЛАС и ГИЗ ја организираа и спроведоа првата онлајн инфосесија за заинтересираните општини и даватели на социјални услуги, кандидати за апликација на отворениот повик од Програмата за јакнење на капацитетите на општините за унапредување на социо-економското учество на жени и девојки од ранливи категории, а на 12 јуни 2026 година, ЗЕЛС и Комисијата за заштита и спречување на дискриминација потпишаа Меморандум за соработка. Во овој период седница одржа и Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините, каде за претседател во овој мандат беше избрана градоначалничката на Неготино, Марија Нацева. За овие и други теми подетално ќе може да прочитате во овој број на **Гласило** на ЗЕЛС.

Со почит,

Душица Перишиќ,
извршен директор на ЗЕЛС

Të nderuar,

Gjatë muajit qershor BNJVL realizoi një sërë aktivitetesh. Kuvendi Gjeneral i BNJVL-së mbajti seancën e dytë në të cilën u miratuan dokumente të rëndësishme lidhur me punën financiare të Bashkësisë, ndërsa u paraqitën edhe aktivitetet e realizuara në vitin e kaluar, si dhe planet e ardhshme. Në këtë periudhë, delegatët e BNJVL-së morën pjesë në seancën e njëzet e pestë (25) në Bruksel në Komitetin e përbashkët konsultativ midis Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe Komitetit të rajoneve të Bashkimit Evropian, ndërsa kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski, u drejtua në sesionin plenar në "Ditët e zgjerimit" – ngjarje që tradicionalisht e organizon Komiteti i Rajoneve të Bashkimit Evropian. Në punëtorinë për zhvillimin dhe implementimin e planeve për mobilitet të qëndrueshëm urban, që u mbajt në hapësirat e BNJVL-së ndërsa morrën pjesë: zëvendës ministri i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe ministri i transportit; zëvendës ministrat e punëve të brendshme dhe të vetëqeverisjes lokale, si dhe drejtori i zyrës së Bankës Botërore për Maqedoninë e Veriut dhe Kosovën. U theksua bashkëpunimi i ndërsjellë për zbatimin e projekteve infrastrukturore dhe u informuan lidhur me furnizimi e 49 automjeteve dhe pajisjeve shumëfunksionale për mirëmbajtjen e higjienës rrugore, të cilat do t'u ndahen disa komunave më të mëdha.

Gjatë kësaj periudhe, sfida më aktuale për vetëqeverisjen lokale ishin rekomandimet nga Ministria për arsim dhe shkencë për të zbatuar optimizimin e rrjetit shkollor për klasat 1 dhe 6, për të cilat Ministri për arsimi dhe shkencës u ftua në një diskutim në BNJVL së bashku me anëtarët e Komisionit për arsim. Me qëllim të mbështetjes së komunave në zhvillimin e planeve të tilla, BNJVL, së bashku me Ministrinë për arsim dhe shkencës dhe UNICEF, organizuan tre punëtori njëditore në Veles nga 23 deri më 25 qershor 2026. BNJVL gjithashtu ofroi mbështetje në takimet rajonale për përcaktimin e propozim zgjidhjeve për ndryshimet dhe plotësimet e Ligjit për mbrojtjen dhe mirëqenien e kafshëve.

Aktivitete u ndërmorrën edhe në fushën e mbrojtjes sociale dhe në këtë drejtim BNJVL, NALAS dhe GIZ organizuan dhe zbatuan info-sesionin e parë për komunat e interesuara dhe ofruesit e shërbimeve sociale, kandidatë për aplikim në thirrjen e hapur nga Programi për përforcimin e kapaciteteve të komunave lidhur me avancimin e pjesëmarrjes socio-ekonomike të femrave dhe vajzave nga kategoritë e ndjeshme, ndërsa më 12 qershor, 2026, BNJVL dhe Komisioni për mbrojtje dhe parandalim të diskriminimit, firmosën Memorandum për bashkëpunim. Në këtë periudhë, seancë mbajti edhe Komisioni për ndjekjen e zhvillimit të sistemit të financimit të komunave, ku për kryetar në këtë mandat u zgjodh kryetarja e Negotinës, Marija Naceva. Lidhur me këto dhe tema tjera më detajisht mund të lexoni në këtë numër të Gazetës së BNJVL-së.

Me respekt,

Dushica Perishiq ,
Drejtoreshë ekzekutive e BNJVL-së


**ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
тел. +389 (0) 2 30 99 033
ул. Копенхагенска бр. 5, п.фах 32,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
**Извршен директор на ЗЕЛС:**
Душица Перишиќ
**Заменик извршен директор на ЗЕЛС:**
Ардита Дема Мехмети
**Подготвила:** Весна Арсовска-Динковска
**Превод:** Арта Абази
**Лекторирал:** Валентина Великова
**Дизајн и подготовка:**
Никола Тодоровски, Карина Доневска

**BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**
tel. +389 (0) 2 30 99 033
rr. Kopenhagenska nr. 5, F.P. 32,
1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
**Drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Dushica Perishiq
**Zëvendës drejtor ekzekutiv i BNJVL-së:**
Ardita Dema Mehmeti
**Përgatiti:** Vesna Arsovska-Dinkovska
**Përkthim:** Arta Abazi
**Lektoron:** Valentina Velikova
**Dizajnim dhe përgatitje:**
Nikola Todorovski, Karina Donevska




## ДЕЛЕГАЦИЈА ОД ЗЕЛС НА „ДЕНОВИ НА ПРОШИРУВАЊЕ“- ТРАДИЦИОНАЛЕН НАСТАН ОРГАНИЗИРАН ОД КОМИТЕТОТ НА РЕГИОНИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Делегацијата од ЗЕЛС, предводена од нејзиното раководство: Орце Ѓорѓиевски, претседател на ЗЕЛС и градоначалник на Град Скопје, двајцата потпретседатели, Изет Меџити, градоначалник на Општина Чаир и Горан Герасимовски, градоначалник на Општина Центар, како и градоначалникот на Општина Гостивар Валбон Лимани, градоначалникот на Општина Кичево Александар Јовановски и извршната директорка на ЗЕЛС Душица Перишиќ, учествуваше на пленарната сесија на „Денови на проширување (Enlargement days), настан што е од особено значење за земјите од Западен Балкан, како и за другите земји кандидати кои претендираат да бидат дел од Европската Унија. Организатор на овој настан е Комитетот на региони на Европската Унија. „Денови на проширување“ е дводневен настан, кој се организира еднаш годишно и кој најчесто се одржува во Брисел каде што беше одржан и оваа година, на 2 и 3 јуни. Претставниците од телата и органите на Комитетот на региони, како и претставниците од земјите од Западен Балкан и пошироко, имаа можност непосредно да се запознаат со низа извештаи за текот на спроведувањето на реформите и зајакнувањето на улогата на локалната власт како важна алка за приближување кон европското семејство. Истовремено делегатите добија и можност да дискутираат за предизвиците поврзани со процесот на европската интеграција, со посебен фокус на

## DELEGACION NGA BNJVL NË "DITËT E ZGJËRIMIT" - NGJARJE TRADICIONALE E ORGANIZUAR NGA KOMITETI I RAJONEVE TË BASHKIMIT EVROPIAN

Delegacion nga BNJVL, i udhëhequr nga kryesia e BNJVL-së: Orce Gjorgjievski, kryetar i BNJVL-së dhe kryetar i Qytetit të Shkupit; dy nënkryetarët: Izet Mexhiti, kryetar i komunës së Çairit dhe Goran Gerasimovski, kryetar i komunës Qendër, si dhe kryetari i komunës së Gostivarit, Valbon Limani, kryetari i komunës së Kërçovës, Aleksandar Jovanovski dhe drejtori ekzekutiv i BNJVL-së, Dushica Perishiq, ishin pjesëmarrës në sesionin plenar “Ditët e zgjerimit” (Enlargement days ) - ngjarje me rëndësi të veçantë për vendet e Ballkanit Perëndimor, si dhe për vendet e tjera kandidate që aspirojnë të jenë pjesë e Bashkimit Evropian. Organizatori i kësaj ngjarjeje është Komiteti i Rajoneve të Bashkimit Evropian. "Ditët e Zgjerimit" është një ngjarje dy-ditore, e organizuar një herë në vit dhe më shpesh mbahet në Bruksel, ku u mbajt edhe këtë vit, më 2 dhe 3 qershor 2026. Përfaqësues nga trupat dhe organet e Komitetit të Rajoneve, si dhe përfaqësues nga vendet e Ballkanit Perëndimor dhe më gjerë, patën mundësinë të njihen drejtpërdrejt me një sërë raportesh mbi progresin e zbatimit të reformave dhe përforcimin e rolit të vetëqeverisjes lokale, si një hallkë e rëndësishme për afrimin e tyre me familjen evropiane. Njëkohësisht, delegatët patën mundësinë të diskutojnë edhe sfidat që lidhen me procesin e integrimit evropian, me një fokus të veçantë në rolin e vetëqeverisjes lokale. Integrimi në Bashkimin Evropian mbetet një prioritet

улогата на локалната власт. Интеграцијата во Европската Унија останува стратешки приоритет на Македонија, а општините имаат клучна улога и во евроинтеграцискиот процес и во спроведувањето на реформите.

## На пленарната седница на „Денови на проширување“ се обрати претседателот на ЗЕЛС Орце Ѓорѓиевски

Претседателот на ЗЕЛС Орце Ѓорѓиевски имаше обраќање на панел- дискусијата на пленарната седница што се одржа на 3 јуни 2026 година. Темата на дискусијата беше „Локални и регионални одговори на дезинформациите“, како дел од дискусиите посветени на негативното влијание на систематското пласирање манипулативни дезинформации кои доведуваат до политичка и информативна дестабилизација на регионот. На оваа седница свои излагања имаа и високи претставници од Унијата, од Комитетот на региони, но и од земјите членки на ЕУ и од земјите претенденти за членство.

„Дезинформациите, систематското манипулирање со јавноста; злоупотребата на медиумскиот простор; пласирањето невистинити информации или нивно изврување, злоупотребата на интернетот, како и сајбер-нападите кои се дел од современите хибридни ризици, стануваат сè поголем предизвик за демократските процеси во Европа и пошироко. Оваа појава континуирано зема замав да стане најмоќното оружје во 21 век за деструкција и дестабилизација на целиот глобален, регионален и локален простор. Тоа е најподмолно орудие со кое одредени политички, воени или бизнис-центри на моќ, од домашни или странски актери, на суптилен, но крајно неетички начин сакаат да ги подријат најважните темелни вредности на човештвото: демократијата, правото на информираност, правото на избор, слободата на говорот и слободното изразување“, нагласи Орце Ѓорѓиевски во својот говор. Тој потенцираше дека градењето заеднички штит за сите земји на европското тло преку утврдување заеднички стратегии, обезбедување соодветни институции за справување во сајбер-просторот, обезбедување стабилност на институциите кои гарантираат демократија, создавање и почитување на етичките стандарди, па и градење на конкретни алатки за сузбивање на дезинформациите, се моќна брана во превенцијата на штетните влијанија.

Ѓорѓиевски посебно се задржа на улогата на локалните власти, посочувајќи дека е сосема јасно оти водечката улога во справувањето со дезинформациите од безбедносен карактер паѓа на товар на повисоките државни институции, но и дека регионалните и локалните власти можат да дадат значајна поддршка на целиот процес. „Затоа се трудиме да обезбедиме што поголема транспарентност во работењето на локалната власт и редовно и навремено да ги информираме нашите граѓани

strategjik për Maqedoninë e Veriut dhe komunat kanë një rol kyç si në procesin e integrimit evropian ashtu edhe në zbatimin e reformave.

## Në seancën plenare të “Ditëve të zgjerimit” u drejtua kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski

Kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski pati fjalim në panel diskutim të seancës plenare që u mbajt më 3 qershor, 2026 me temë “Përgjigjet lokale dhe rajonale ndaj dezinformimit”, që çojnë drejt destabilizimit politik dhe informativ në rajon. Në seancën në fjalë, fjalime patën edhe përfaqësues nga BE, nga Komiteti i Rajoneve, por edhe nga vendet anëtare të BE-së dhe nga vendet që pretendojnë aderimin në BE.

“Dezinformimi, manipulimi sistematik i publikut; abuzimi me hapësirën mediatike; vendosja e informacionit të rremë ose shtrembërimi i tij, abuzimi me internetin, si dhe sulmet kibernetike që janë pjesë e rreziqeve moderne hibride, po bëhen një sfidë gjithnjë e më e madhe për proceset demokratike në Evropë dhe më gjerë. Ky fenomen po fiton vazhdimisht vrull për t'u bërë arma më e fuqishme në shekullin e 21-të për shkatërrimin dhe destabilizimin e të gjithë hapësirës globale, rajonale dhe lokale. Është mjeti më tinëzar me të cilin qendra të caktuara politike, ushtarake ose biznesi të pushtetit, nga aktorë vendas ose të huaj, në një mënyrë delikate por jashtëzakonisht joetike duan të minojnë vlerat më të rëndësishme themelore të njerëzimit: demokracinë, të drejtën e informacionit, të drejtën e zgjedhjes, lirinë e fjalës dhe shprehjen e lirë”, theksoi Orce Gjorgjievski në fjalimin e tij. Ai theksoi se ndërtimi i një mburoje të përbashkët për të gjitha vendet në tokën evropiane duke krijuar strategji të përbashkëta, duke siguruar institucione të përshtatshme për t'u marrë me hapësirën "kibernetike", duke siguruar stabilitetin e institucioneve që garantojnë demokracinë, duke krijuar dhe respektuar standardet etike dhe duke ndërtuar mjete specifike për luftimin e dezinformimit janë një pengesë e fuqishme në parandalimin e ndikimeve të dëmshme.

Gjorgjievski u përqendrua konkretisht në rolin e pushteteve lokale, duke theksuar se është mjaft e qartë se roli kryesor në trajtimin e dezinformimit që lidhet me sigurinë "bie" mbi barën e institucioneve më të larta shtetërore, por se pushtetet rajonale dhe lokale gjithashtu mund të ofrojnë mbështetje të konsiderueshme për të gjithë procesin. -„Kjo është arsyeja pse ne po përpiqemi të sigurojmë transparencë më të madhe në punën e pushteteve lokale dhe të informojmë rregullisht dhe në kohë qytetarët tanë për gjithçka që

за сето она што го преземаме и градиме како локални политики. Поинтензивно ги користиме сите расположливи граѓански алатки за помасовно вклучување на населението во креирањето и донесувањето одлуки кои директно или индиректно влијаат на животот во заедницата. Нашите општини преку своите веб-страници континуирано ги информираат своите граѓани за одлуките што се донесени преку советот на општината. Слободниот пристап до информации е гарантиран за секого. Организираме бројни јавни трибини, собири на граѓани, спроведуваме анкети, имаме отворени денови за средби со населението и постојано сме на терен за да ги слушнеме потребите на населението. Вклучувањето на граѓаните во креирањето локални политики, но и во нивното спроведување, не го правиме само затоа што постојат одредени законски одредби во делот на буџетот и на урбанистичките планови, туку одиме и чекор понапред и развиваме нови граѓански алатки, како што се „форуми во заедницата“ и во поново време и можностите за делиберативна демократија. Голем број општини обезбедуваат и онлајн преноси на седниците на општинските совети, по примерот на Парламентот на државата. Свесни сме дека и навидум најмалиот чекор, може да даде големи резултати во градењето континуирана, заедничка одбрана од информативните манипулации кои се сериозна невоена, но фатална закана за демократијата и безбедноста во светот и Европа“, нагласи Ѓорѓиевски на крајот од своето обраќање.

ndërmarrim dhe ndërtojmë si politika lokale. Po përdorim më intensivisht të gjitha mjetet civile në dispozicion për një përfshirje më masive të popullsisë në krijimin dhe marrjen e vendimeve që ndikojnë drejtpërdrejt ose tërthorazi në jetën në bashkësi. Komunat tona, përmes faqeve të tyre të internetit, i informojnë vazhdimisht qytetarët e tyre për vendimet e marra nga Këshilli i komunës. Qasja e lirë në informacion është e garantuar për të gjithë. Ne organizojmë forume të shumta publike, tubime qytetare, zhvillojmë anketa, kemi ditë të hapura për takime me popullatën dhe jemi vazhdimisht në terren për të dëgjuar nevojat e popullatës. Ne nuk i përfshijmë qytetarët në krijimin e politikave lokale, por edhe në zbatimin e tyre, vetëm sepse ekzistojnë dispozita të caktuara ligjore, në fushën e buxhetit dhe planeve urbane, por shkojmë edhe një hap më tej dhe zhvillojmë mjete të reja qytetare, siç janë "forumet në bashkësi" dhe, së fundmi, mundësitë për demokraci deliberative. Një numër i madh i komunave sigurojnë edhe transmetime online në seancat e këshillave komunale, në bazë të shembullit të Parlamentit të shtetit. Jemi të vetëdijshëm se që edhe hapi në dukje më i vogël mund të japë rezultate të mëdha në ndërtimin e një mbrojtjeje të vazhdueshme dhe të përbashkët kundër manipulimeve të informacionit që janë një kërcënim joushtarak serioz, por fatal për demokracinë dhe sigurinë në botë dhe Evropë", theksoi Gjorgjievski në fund të fjalimit të tij.










## ЗКК ЈА ОДРЖА 25-ТАТА СЕДНИЦА ВО БРИСЕЛ

Во рамките на „Денови на проширување" делегатите од општините и регионите од сите земји претенденти за членство во Унијата, имаат можност заедно, преку формираните посебни тела за секоја држава – Заедничкиот консултативен комитет (ЗКК), да дискутираат со експертите и со своите колеги од земјите од ЕУ за напредокот и за предизвиците со кои се соочуваат на патот за исполнување на европските стандарди.

На 3 јуни 2026 година, по завршувањето на пленарната седница на „Денови на проширување" одржаа седница (25. по ред) и делегатите на Заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Северна Македонија и Комитетот на региони на Европската Унија (ЗКК) . Ова тело има вкупно 22 делегати, по 11 делегати од двете страни, при што се избираат и заменици, сите од редовите на градоначалници и советници. Со ова тело заседаваат двајца копретседавачи, едниот од нашата земја, другиот од Комитетот на региони на Европската Унија. Заедничкиот консултативен комитет (ЗКК) е воспоставен уште во 2008 година, со цел да ја подготвува основата за проширување на ЕУ преку унапредување на политичкиот дијалог и соработка меѓу локалните и регионалните власти. На годишно ниво, ова тело треба да одржи две седници, едната во Брисел, другата во нашата земја. Првата сесија од седницата секогаш е посветена на размена на вредни сознанија за ставовите на Европската Унија за развојот на процесот за пристапување на Република Северна Македонија во ова европско семејство и предизвиците што стојат на тој

## KPK MBAJTI SEANCËN E 25-TË NË BRUKSEL

Në kuadër të "Ditëve të zgjerimit" delegatët e komunave dhe rajoneve nga vendet që pretendojnë anëtarësimin në BE, patën mundësi që përmes trupave të veçantë të formuar për çdo shtet – Komiteti i Përbashkët Konsultativ (KPK) bashkërisht të diskutojnë me kolegët e tyre, delegatët e qyteteve dhe rajoneve nga BE si dhe me ekspertët, lidhur me avancimin e vendeve të tyre dhe sfidat me të cilat ballafaqohen në rrugën e plotësimit të standardeve evropiane.

Më 3 qershor, 2026, pas përfundimit të seancës plenare të "Ditëve të zgjerimit" (e njëzet e pesta me radhë), mbajtën seancë edhe delegatët e Komitetit të Përbashkët Konsultativ midis Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe Komitetit të Rajoneve në kuadër të Bashkimit Evropian. Ky trup numëron gjithsej 22 delegatë, nga 11 delegatë nga të dy palët, me ç'rast zgjedhën edhe zëvendësit, të gjithë nga radhët e kryetarëve dhe këshilltarëve. Me këtë trup kryesojnë dy bashkë-kryesues, një nga vendi jonë, tjetri nga Komiteti i Rajoneve të Bashkimit Evropian. KPK është themeluar në vitin 2008, me qëllim përgatitjen e bazës për zgjerimin e BE-së, duke promovuar dialogun politik dhe bashkëpunimin midis pushteteve lokale dhe rajonale. Çdo vit, ky organ duhet të mbajë dy seanca, njëra në Bruksel dhe tjetra në vendin tonë. Seanca e parë i kushtohet gjithmonë shkëmbimit të njohurive të vlefshme mbi qëndrimet e Bashkimit Evropian mbi zhvillimin e procesit të pranimit të Republikës së Maqedonisë së Veriut në këtë familje evropiane dhe sfidat që paraqiten gjatë këtij rrugëtimi. Tema e dytë i kushtohet çështjeve aktuale të rëndësishme për

пат. Втората тема е посветена на актуелните прашања важни за сите земји од Унијата и за државите што сакаат да се приклучат во европското семејство. На овој состанок, актуелната тема беше посветена на прашањата поврзани со дезинформациите и странските манипулативни информации како закана за политичката безбедност и демократските процеси на регионално и на локално ниво.

Сесијата ја отворија двајцата копретседавачи, Орце Ѓорѓиевски, претседател на ЗЕЛС, кој по промената на составот на делегати од страна на ЗЕЛС во ова тело, спроведена по локалните избори во нашата земја, за првпат ја доби оваа функција и Иван Гулам, градоначалникот на Општина Пировац, од Република Хрватска. На почетокот, пред присутните се обрати и амбасадорот Зулфи Исмаили, шеф на Мисијата на Северна Македонија во Брисел, кој говореше за развојот на процесот на пристапување на нашата земја кон ЕУ. Излагање имаше и европратеникот Томас Ваиц, известувач на Комитетот на регионите за Пакетот за проширување 2025 за Западен Балкан и Турција и известувач за нашата земја, како и Џилан Кофлан, известувач на Комитетот на региони за Пакетот за проширување 2025 за Западен Балкан и Турција и Хуберт Духот, претставник од Европската комисија, од Генералниот директорат за проширување и источно соседство одговорен за Албанија и Северна Македонија.

Присутните дискутираа за улогата на локалната власт во целиот процес на исполнување на европската регулатива, од која 70 % се рефлектира или имплементира на локално ниво, за финансиските предизвици, но и за подигање на демократските процеси и развивање на свеста на населението за примена и почитување на европските стандарди. Беа разменети интересни локални примери за превенција од манипулативните дезинформации. Претседателот на ЗЕЛС и копретседавач на ЗКК, Орце Ѓорѓиевски, на крајот од седницата заклучи дека низ процес на плодна дискусија иницирани се можности за нови соработки и преземање заеднички активности кои се во интерес на сите земји на европскиот континент. Тој нагласи дека е оптимист и дека се надева дека ќе ѝ се овозможи на нашата земја да ја напушти „чекалницата", во која без своја вина е оставена многу долг период и во тој правец изрази надеж за силна поддршка од делегатите во ова тело, претставници од земјите од ЕУ.

të gjitha vendet e BE-së dhe për vendet që duan të bashkohen me familjen evropiane. Në këtë takim, tema aktuale iu kushtua çështjeve që lidhen me dezinformimin dhe informacionin manipulues të huaj, si një kërcënim për sigurinë politike dhe proceset demokratike në nivel rajonal dhe lokal.

Seancën e hapën dy bashkë-kryetarët: Orce Gjorgievski, Kryetar i BNJVL-së, i cili, pas ndryshimit në përbërjen e delegatëve nga BNJVL në këtë organ, të zbatuar pas zgjedhjeve lokale në vendin tonë, e mori këtë funksion për herë të parë, dhe Ivan Gulam, Kryetar i Komunës së Pirovacit, nga Republika e Kroacisë. Në fillim, të pranishmëve i'u drejtua Ambasadori Zulfi Ismaili, Shef i Misionit të Maqedonisë së Veriut në Bruksel, i cili foli për zhvillimin e procesit të pranimit të vendit tonë në BE. Prezantim mbajti edhe Eurodeputeti Thomas Weitz, Raportues i Komitetit të Rajoneve për Pakonë e Zgjerimit 2025 për Ballkanin Perëndimor dhe Turqinë dhe Raportues për vendin tonë, si dhe Jilan Coughlan, Raportues i Komitetit të Rajoneve për Pakon e Zgjerimit 2025 për Ballkanin Perëndimor dhe Turqinë, dhe Hubert Duhot, Përfaqësues i Komisionit Evropian, nga Drejtoria e Përgjithshme për Zgjerim dhe Fqinjësi Lindore, përgjegjës për Shqipërinë dhe Maqedoninë e Veriut.

Të pranishmit diskutuan për rolin e vetëqeverisjes lokale në të gjithë procesin e përmbushjes së rregulloreve evropiane, nga të cilat 70% reflektohet ose zbatohet në nivel lokal, sfidat financiare, por edhe ngritjen e proceseve demokratike dhe zhvillimin e vetëdijes së popullatës për zbatimin dhe respektimin e standardeve evropiane. U shkëmbyen edhe praktika të mira lokale interesante në fushën e parandalimit të dezinformatave manipuluese. Kryetari i BNJVL-së dhe bashkëkryetar i KPK-së, Orce Gjorgjievski, konkludoi në fund të sesionit se përmes një procesi diskutimi frytdhënës, janë inicuar mundësi për bashkëpunime të reja dhe ndërmarrje aktivitetesh të përbashkëta që janë në interes të të gjitha vendeve në Kontinentin Evropian. Ai theksoi se është optimist dhe se shpreson se do të mundësohet që vendi jonë t'a lëshojë "vendpritjen", në të cilën pa fajin e tij është lënë të qëndrojë një periudhë shumë të gjatë dhe në këtë drejtim është shpresëdhënës për përkrahjen e fuqishme nga delegatët e këtij trupi, përfaqësuesit e vendeve nga BE.








## РАЗВИВАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНОВИ ЗА ОДРЖЛИВА УРБАНА МОБИЛНОСТ

Во просториите на административната зграда на ЗЕЛС, на 5 јуни 2026 година, беше организирана работилница за развивање и имплементација на планови за одржлива урбана мобилност на која беа повикани носителите на одлуки на локално и на национално ниво. Овој настан беше организиран во рамките на проектните активности „Техничка поддршка за развивање планови за одржлива урбана мобилност за пет општини и обезбедување обука за развивање и имплементација на планови за одржлива урбана мобилност“ од „Проектот за поврзување на локални патишта“, кој се финансира со заем од Светска банка, а го спроведува Министерството за транспорт на РСМ. Во рамките на проектната активност во изминатиот период им беше дадена поддршка на општините: Кавадарци, Кочани, Струга, Струмица и Прилеп за изработка на планови што ќе креираат подобра одржливост на нивните урбаните транспортни системи, подобрување на ефикасноста, исплатливоста и достапноста на транспортната мрежа, истовремено намалувајќи го нејзиното влијание врз животната средина.

На почетокот на овој настан пред присутните се обратија: претседателот на ЗЕЛС и градоначалник на Град Скопје **Орце Ѓорѓиевски**, заменик-министерот на Владата на РСМ и министер за транспорт **Александар Николоски**, заменик-министерот за внатрешни работи **Астрит Исени**, заменик-министерот за локална самоуправа **Ерџан**

## ZHVILLIMI DHE IMPLEMENTIMI I PLANEVE PËR MOBILITET TË QËNDRUESHËM URBAN

Në hapësirat e ndërtesës administrative të BNJVL-së më 5 qershor, 2026, u organizua punëtori për zhvillimin dhe implementimin e planeve për mobilizim të qëndrueshëm urban në të cilën u ftuan bartësit e vendimeve në nivel lokal dhe nacional. Kjo ngjarje u organizua në kuadër të aktiviteteve të projektit “Përkrahje teknike për zhvillimin e planeve për mobilitet të qëndrueshëm urban” nga Projekti për ndërlidhje të rrugëve lokale që financohet me i kredi nga Banka Botërore dhe zbatohet nga Ministria e Transportit e Republikës së Maqedonisë së Veriut. Në kuadër të aktivitetit të projektit në periudhën e kaluar, i’u ofrua mbështetje komunave të Kavadarit, Koçanit, Strugës, Strumicës dhe Prilepit për zhvillimin e planeve që do të krijojnë qëndrueshmëri më të mirë të sistemeve të tyre të transportit urban, duke përmirësuar efikasitetin, efektivitetin e shpenzimeve dhe aksesin e rrjetit të transportit, duke zvogëluar njëkohësisht ndikimin e të njëjtit në mjedisin jetësor.

Në fillim të ngjarjes në fjalë, të pranishmëve i’u drejtuan: Kryetari i BNJVL-së dhe Kryetari i Qytetit të Shkupit, **Orce Gjorgjievski**; Zëvendësministri i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë dhe Ministër për Transport, **Aleksandar Nikoloski**; Zëvendësministri i Punëve të Brendshme, **Astrit Iseni**; Zëvendësministri për Vetëqeverisjes Lokale, **Erxhan**






**Селими** и директорката на Канцеларијата на Светска банка за Северна Македонија и Косово, **Карол Межеван**.

Претседателот на ЗЕЛС Орце Ѓорѓиевски изрази благодарност за поддршката што Министерството за транспорт и Светска банка им ја даваат на општините во насока на спроведување бројни инфраструктурни проекти, но и во однос на јакнење на свеста за значењето на креирање планови за одржливи урбана мобилност. Сето тоа ќе придонесе за квалитетен и безбеден транспорт, но и за зачувување и заштита на животната средина, нагласи Ѓорѓиевски.

Министерот за транспорт Александар Николовски рече дека нашата земја е посветена кон обнова и градење нова патна инфраструктура, притоа водејќи грижа таа да е одржлива и мобилна и да одговара на потребите на граѓаните. Светска банка е голем поддржувач на земјата на тој пат, но и во поглед на јакнење на капацитетите на креаторите на политики и планови што ќе одговараат на современите текови на безбедност и мобилност, а Министерството ќе се залага за целосна имплементација на плановите во реални проекти. Министерот Николовски ја искористи можноста да најави дека по успешно спроведената јавна набавка, многу скоро, Град Скопје и уште седум поголеми општини во земјата: Куманово, Штип, Велес, Битола, Тетово, Струмица и Охрид – како регионални центри, ќе добијат опрема и возила за одржување хигиена на патиштата. Набавката е со вкупна вредност од 4,2 милиони евра, а се купуваат 49 мултифункционални возила.

За досегашната успешна соработка со Министерството за транспорт и со општините говореше и директорката на Канцеларијата на Светска банка за Северна Македонија и Косово, **Карол Межеван**. Таа нагласи дека е задоволна што нашата земја се приклучува кон примена на стандардите на урбаната мобилност, бидејќи, како во светот така и во нашата земја, повеќе од

**Selimi** dhe Drejtori i Zyrës së Bankës Botërore për Maqedoninë e Veriut dhe Kosovën, **Karol Mezhevan**.

Kryetari i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski, shprehu mirënjohje për mbështetjen nga Ministria e Transportit dhe Banka Botërore që u japin komunave në drejtim të zbatimit të projekteve të shumta infrastrukturore, së shpejti për përmirësimin e higjienës në qytete, por edhe në fushën e forcimit të vetëdijes për rëndësinë e krijimit të planeve për mobilitet të qëndrueshme urbane. E gjithë kjo do të kontribuojë në transport cilësor dhe të sigurt, por edhe në ruajtjen dhe mbrojtjen e mjedisit jetësor, theksoi Gjorgjievski.

Ministri për Transport, Aleksandar Nikollovski, tha se vendi jonë është i përkushtuar për rindërtimin dhe ndërtimin e infrastrukturës së re rrugore, duke siguruar që ajo të jetë e qëndrueshme dhe mobile dhe të përmbushë nevojat e qytetarëve. Banka Botërore është një mbështetëse e madhe e vendit në këtë rrugë, por edhe në fushën e përforcimit të kapaciteteve të politikëbërësve dhe planeve që do t'i përgjigjen trendeve moderne në siguri dhe mobilitet, dhe Ministria do të avokojë për zbatimin e plotë të planeve në projekte reale. Ministri Nikollovski shfrytëzoi rastin për të njoftuar se pas furnizimit publik të realizuar me sukses, shumë shpejt, Qyteti i Shkupit dhe shtatë komuna të tjera më të mëdha në vend: Kumanova, Shtipi, Velesi, Manastiri, Tetova, Strumica dhe Ohri - si qendra rajonale, do të marrin pajisje dhe automjete për mirëmbajtjen e higjienës së rrugëve. Prokurimi ka një vlerë totale prej 4.2 milionë eurosh, dhe po blihen 49 automjete multifunksionale.

Lidhur me bashkëpunimin e deritanishëm të suksesshëm me Ministrinë për transport dhe lidhje dhe me komunat diskutoi edhe Drejtoresha e Zyrës së Bankës Botërore për Maqedoninë e Veriut dhe Kosovën, **Karol Mezhevan**. Ajo theksoi se është e kënaqur që vendi jonë po i bashkohet zbatimit të standardeve të mibilitetit urban, sepse si në mbarë botën ashtu edhe në vendin tonë, më shumë se 60% e popullsisë është e përqendruar në qytete më të mëdha. Sipas





60 % од населението е концентрирано во поголемите градови. Според Межеван на овој начин се јакнат и институциите, а притоа се придонесува за избор на граѓаните на најразлични можности за движење и ставање акцент на човекот, а не на возилата, што е во насока на подобрување на негативните последици од климатските промени. Пред присутните се обратија и заменик-министерот за внатрешни работи **Астрит Исени** и заменик-министерот за локална самоуправа **Ерџан Селими** кои говореа за важноста на безбедноста на сообраќајот, поголема регионална опфатеност на патната инфраструктура и градење јасна визија на општините за урбаната мобилност.

## Одржлива урбана мобилност – стратешки концепт, економски исплатлив и фокусиран на еколошката прифатливост и социјалната праведност

Присутните градоначалници и претставници од општинската администрација, како и високите државни советници/раководители на сектори од повеќе министерства, се запознаа со целите и важноста на одржливата урбана мобилност, подготовката за планирање на одржлива урбана мобилност и имплементација на плановите. Беше нагласено дека одржливата урбана мобилност е стратешки концепт кој се фокусира на движењето на луѓето и стоките во градовите на начин кој е еколошки прифатлив, економски исплатлив и социјално праведен. Целта е намалување на сообраќајниот метеж, загадувањето и бучавата преку давање предност на јавниот превоз, возењето велосипеди и пешачењето. Главните столбови на овој концепт вклучуваат: поттикнување на немоторизиран транспорт (пешачење и возење велосипед) и користење на електрични или хибридни возила; развивање на ефикасен јавен превоз кој вклучува развивање на интегрирани системи кои се

Mezhevan, në këtë mënyrë forcohen edhe institucionet, duke kontribuar në zgjedhjen e qytetarëve për mundësi të ndryshme lëvizjeje dhe duke vënë theksin te njerëzit, jo te automjetet, gjë që synon përmirësimin e pasojave negative të ndryshimeve klimatike.

Para të pranishmëve u drejtuan edhe zëvendës ministri për punë të brendshme, **Astri Iseni** dhe zëvendësministri për vetëqeverisje lokale **Erxhan Selimi** të cilët folën mbi rëndësinë e sigurisë së komunikacionit, përfshirje më të madhe rajonale të infrastrukturës rrugore dhe ndërtimin e vizionit të komunave për mobilitet urban.

## Mobiliteti i qëndrueshëm urban është koncept strategjik i fokusuar në pranueshmërinë ekologjike, qëndrueshmërinë ekonomike dhe e drejtësisë sociale

Kryetarët e komunave dhe përfaqësuesit e administratës komunale, si dhe këshilltarët e lartë shtetërorë/udhëheqësit e sektorëve nga disa ministri, u informuan me objektivat dhe rëndësinë e mobilitetit të qëndrueshën urban, përgatitjen për planifikimin e mobilitetit të qëndrueshëm urban dhe zbatimin e planeve. U theksua se mobiliteti i qëndrueshëm urbane është koncept strategjik që përqendrohet në lëvizjen e njerëzve dhe mallrave në qytete në një mënyrë miqësore me mjedisin, ekonomikisht të qëndrueshme dhe socialisht të drejtë. Qëllimi është të zvogëlohet mbingarkesa e trafikut, ndotja dhe zhurma duke i dhënë përparësi transportit publik, çiklizmit dhe ecjes në këmbë. Shtyllat kryesore të këtij koncepti përfshijnë: Inkurajimin e transportit jo-motorik (ecja në këmbë dhe çiklizmi) dhe përdorimi i automjeteve elektrike ose hibride; zhvillimin e transportit publik efikas që përfshin zhvillimin e sistemeve të integruara që janë të arritshme, të shpejta dhe të rehatshme për të gjithë qytetarët; uljen e varësisë nga makinat



достапни, брзи и удобни за сите граѓани; намалување на зависноста од автомобили и пренамена на улиците во јавни простори наменети за луѓето, а не само за возила и паркирање. Придобивките од плановите за одржлива урбана мобилност (ПОУМ) се: подобрување на квалитетот на живот; намалување на трошоците за создавање економски развој; придонес кон подобро здравје и животна средина; поефикасно користење на ограничени ресурси; освојување на јавната поддршка; подготовка на подобри планови насочени кон луѓето; ефикасно исполнување на законската обврска; користење синергија, зголемување на важноста; создавање нова култура за мобилност. На присутните им беше прикажан и конкретен пример (студија на случај) за воспоставување на ПОУМ и нивна имплементација.

dhe ripërdorimin e rrugëve në hapësira publike të destinuara për njerëzit, jo vetëm për automjete dhe parkim. Përfitimet nga PMQU janë: Përmirësimi i cilësisë së jetës; Ulja e shpenzimeve të krijimit të zhvillimit ekonomik; Kontributi për shëndet dhe mjedis më të mirë; Përdorim më efikas i burimeve të kufizuara; Fitimi i mbështetjes publike; Përgatitja e planeve më të mira të orientuara drejt njerëzve; Përmbushja efektive e detyrimeve ligjore; Përdorimi i sinergjisë, rritja e rëndësisë; Krijimi i kulturës së re për mobilitet. Të pranishmëve i'u paraqit edhe shembulli konkret (studim i rastit) lidhur me vendosjen e PMQU dhe implementimin e këtij plani.

## СПРОВЕДЕНИ НАД 600 АКЦИИ ЗА ЧИСТЕЊЕ И ОДРЖАНИ 1 900 ЕДУКАТИВНИ АКТИВНОСТИ ВО ОПШТИНИТЕ, ВО РАМКИТЕ НА ШЕСТОТО ИЗДАНИЕ НА „ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД“

Во рамките на шестото издание на ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД, што оваа година се реализира од 8 до 10 мај, беа спроведени над 600 акции за чистење отпад и 1 900 едукативни активности „Екочас“ во 81 единица на локалната самоуправа низ државата. Беа собрани вкупно 684 777 килограми отпад, учествуваа 70 688 учесници и над 600 организации, од кои повеќе од 250 државни институции, како и училиштата од целава земја и бројни компании. По завршувањето на екоакцијата, отпадот беше собран и подигнат од локалните комунални претпријатија и професионално депониран. Селектираниот отпад, како

## U ZBATUAN MBI 600 AKSIONE PËR PASTRIM DHE U MBAJTËN 1900 AKTIVITETE EDUKATIVE NË KOMUNAT, NË KUADËR TË EDICIONIT TË GJASHTË TË "FUNDJAVA E PASTRIMIT TË PËRGJITHSHËM"

Në kuadër të edicionit "FUNDJAVA E PASTRIMIT TË PËRGJITHSHËM", që këtë vit u realizua më 8 dhe 10 maj, u zbatuan mbi 600 aksione për pastrim të mbeturinave dhe 1900 aktivitete edukative "Ekoças" në 81 njësi të vetëqeverisjes lokale në mbarë vendin. U mblodhën gjithsej 684,777 kilogramë mbeturina, morën pjesë 70,688 pjesëmarrës dhe mbi 600 organizata, përfshirë më shumë se 250 institucione shtetërore, si dhe shkolla nga e gjithë vendi dhe kompani të shumta. Pas eko-aksionit, mbeturinat u mblodhën dhe u mblodhën nga kompanitë lokale të shërbimeve dhe u asgjësuan në mënyrë profesionale. Mbeturinat e përzgjedhura,

пластика, лименки и хартија, го подигна „Пакомак“ а електронскиот отпад го презеде „Нула отпад“.

Во соработка со ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД, Министерството за образование и наука, заедно со УНИЦЕФ, имплементира образовна програма наречена „ЕКОЧАС“. Десетици илјади ученици во целата земја научија да го комбинираат знаењето за екологијата и циркуларната економија со практични активности.

Но вистинското лице на ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД не се бројките. Тоа се илјадници граѓани кои одлучуваат да излезат на терен за да се вклучат, децата кои првпат учат што значи лична одговорност кон околината, родителите кои ги носат своите семејства на екоакции, учениците кои ги мотивираат своите другари, волонтерите кои покажуваат дека промените започнуваат од секој поединец. Најголемата вредност на оваа иницијатива е подигнување на свеста и поттикнување култура на лична одговорност и грижа за заедничкиот простор, каде што граѓаните можат да бидат двигатели на позитивните промени, а не само неми набљудувачи и критичари.

ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД е организирана од **Мен енд Маунтен** заедно со официјалните партнери: **Пакомак, Нула отпад, Саубермахер, Пивара Скопје, ЕВН, Шпаркасе банка, ИУТЕ, Макстил, КАЗ Груп, Црвен крст, ЗЕЛС, Министерството за образование и наука, општините, невладините сектори и државните институциите**. За шест години постоење, акцијата успеа вкупно да мобилизира повеќе од 170 000 граѓани и беа собрани вкупно 2,2 милиони килограми отпад, со што од локална иницијатива прерасна во национално движење за заштита на животната средина.

si plastika, kanaçet dhe letra, u mblodhën nga "Pakomak", ndërsa mbeturinat elektronike u morën përsipër nga "Zero mbeturina".

Në bashkëpunim me “FUNDJAVËN E PASTRIMIT TË PËRGJITHSHËM”,, Ministria e Arsimit dhe Shkencës, së bashku me UNICEF, po zbaton një program edukativ të quajtur "ECO-HOUR". Dhjetëra mijëra studentë në të gjithë vendin kanë mësuar të kombinojnë njohuritë rreth ekologjisë dhe ekonomisë rrethore me aktivitete praktike.

Por fytyra e vërtetë e “FUNDJAVA SË PASTRIMIT TË PËRGJITHSHËM”, nuk janë numrat. Këta janë mijëra qytetarë që vendosin të dalin në terren për t'u përfshirë, fëmijë që mësojnë për herë të parë se çfarë do të thotë përgjegjësi personale ndaj mjedisit, prindër që i sjellin familjet e tyre në eko-aksione, nxënës që motivojnë miqtë e tyre, vullnetarë që tregojnë se ndryshimi fillon nga secili individ. Vlera më e madhe e kësaj iniciative është rritja e ndërgjegjësimit dhe inkurajimi i një kulture të përgjegjësisë personale dhe kujdesit për hapësirën e përbashkët, ku qytetarët mund të jenë nxitës të ndryshimeve pozitive, dhe jo vetëm vëzhgues dhe kritikë të heshtur.

“FUNDJAVA E PASTRIMIT TË PËRGJITHSHËM”, organizohet nga **Man & Mountain** së bashku me partnerët zyrtarë: **Pakomak, Zero Waste, Saubermacher, Pivara Skopje, EVN, Sparkasse Bank, IUTE, Makstil, KAZ Group, Kryqi i Kuq, BNJVL, Ministria e Arsimit dhe Shkencës, bashkitë, sektorët joqeveritarë dhe institucionet shtetërore**. Në gjashtë vitet e ekzistencës së saj, aksioni arriti të mobilizojë më shumë se 170,000 qytetarë dhe mblodhi gjithsej 2.2 milion kilogramë mbeturina, duke u rritur nga një iniciativë lokale në një lëvizja nacionale për mbrojtjen e mjedisit.







## ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ НА ВТОРАТА СЕДНИЦА ДИСКУТИРАШЕ ЗА АКТУЕЛНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ И ИДНИТЕ ПЛАНОВИ НА ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ

Генералното собрание на ЗЕЛС, највисоко тело на Заедницата, составено од сите градоначалници и од членовите на Комитетот на советите при ЗЕЛС, на 11 јуни 2026 година, во хотелот „Александар Палас" ја одржа втората седница. На оваа седница беа изнесени активностите на органите и телата на ЗЕЛС за минатата година и Финансискиот извештај, но се дискутираше и за идните насоки на дејствување на Заедницата. Пред присутните се обрати претседателот на ЗЕЛС Орце Ѓорѓиевски кој нагласи дека во согласност со новиот Стратегиски план на ЗЕЛС за 2026 – 2030 година, утврдени се три стратегиски цели: лобирање пред централната власт, како најважна активност на ЗЕЛС; јакнење на капацитетите на општинската администрација и поддршка на општините за непречено спроведување на електронските услуги.

„Нашите барања се сеопфатни и се во насока на континуиран развој на локалната самоуправа; јакнење на финансиската стабилност на општините и продлабочување на процесот на децентрализација на власта во земјава. Во Систематизираните ставови на ЗЕЛС, документ во кој се утврдени предизвици на општините од сите области во надлежност на локалната власт и предлог-решенијата за нивно надминување, од посебна важност е делот за финансирањето на општините. Се залагаме за

## KUVENDI GJENERAL NË SEANCËN E DYTË DISKUTOI MBI SFIDAT AKTUALE DHE PLANET E ARDHSHME TË PUSHTETIT LOKAL

Kuvendi Gjeneral i BNJVL-së, organi më i lartë i Bashkësisë, e përbërë nga të gjithë kryetarët e komunave dhe anëtarët e Komitetit të këshillave pranë BNJVL-së, më 11 qershor 2026, në hotelin "Aleksandar Palas" mbajti seancën e dytë. Në këtë seancë u prezantuan aktivitetet e organeve dhe trupave të BNJVL-së për vitin e kaluar dhe raporti financiar, por u diskutua edhe për drejtimet e ardhshme të veprimit të Bashkësisë. Para të pranishmëve foli presidenti i BNJVL-së, Orce Gjorgjievski, i cili theksoi se në përputhje me Planin Strategjik të ri të BNJVL-së për vitet 2026-2030 janë përcaktuar tri qëllime strategjike: lobimi para pushtetit qendror, si aktiviteti më i rëndësishëm i BNJVL-së; përforcimi i kapaciteteve të administratës komunale dhe mbështetje për komunat për zbatimin e pandërprerë të shërbimeve elektronike.

"Kërkesat tona janë gjithëpërfshirëse dhe janë në drejtim të zhvillimit të vazhdueshëm të vetëqeverisjes lokale; forcimit të stabilitetit financiar të komunave dhe thellimit të procesit të decentralizimit të pushtetit në këtë vend. Në qëndrimet e sistematizuara të BNJVL-së - dokument i BNJVL-së, në të cilin janë përcaktuar sfidat e komunave nga të gjitha fushat në kompetencë të pushtetit lokal dhe propozimet për zgjidhjen e tyre, është veçanërisht e rëndësishme pjesa e financimit të komunave. Ne zotohemi për sigurimin e të paktën 10% të

обезбедување на најмалку 10 % од ДДВ и 50 % од персоналниот данок, по примерот на општините од регионот и Европа. Точно е дека во изминативе две години добиваме силна поддршка од Владата за инфраструктурните зафати, а од одредени програми и проекти добиваме средства за патиштата, за изградба на канализациски системи, за комунален отпад и слично. Сепак, за да имаме јакнење на локалната власт и поголема финансиска самостојност, потребно ни е предвидливо финансиско планирање, а учеството во бруто домашниот производ да е поголемо од сегашните 5 %", потенцира Ѓорѓиевски во своето обраќање пред делегатите на Генералното собрание. Тој изрази надеж дека во согласност со потпишаниот Меморандум за соработка меѓу ЗЕЛС и Владата на РСМ ќе започне реализирањето на предвидените „буџетски средби" каде што локалната власт навремено ќе може да реагира за обезбедување повеќе средства во блок дотациите и за други средства за потребите на општините.

Ѓорѓиевски ги потенцира и заложбите на ЗЕЛС за продлабочување на процесот на децентрализација на власта, особено во однос на социјалната заштита. Нагласи дека во изминатиот период ЗЕЛС обезбеди анализи и предлог-модели, каде и како да се спроведува децентрализацијата во оваа област. Отпочнати се разговори, постои согласност дека општините се тие што се најнепосредно запознаени со состојбите на своето население, па во таа насока, во следниот период се очекуваат поинтензивни активности и на ова поле.

За заложбите на ЗЕЛС за подобрување на состојбите во поглед на противпожарната заштита, Ѓорѓиевски рече: „Имаме значително подобрување во однос на наменските дотации за територијалните противпожарни единици, односно една милијарда, што е дупло повеќе од претходната година. Но со оглед на многу лошата состојба што ја имаат единиците, правиме заеднички напори со централната власт за заемно дејствување и превенирање на состојбите во оваа област. Ни претстои жешко лето и затоа во ЗЕЛС утврдивме Кризен штаб што ќе ја има улогата за координација на општините од еден регион со расположлива опрема и пожарникари за кризните состојби."

TVSH-së dhe 50% të tatimit mbi të ardhurat personale, sipas shembujve të komunave nga rajoni dhe Evropa. Është e vërtetë se gjatë dy viteve të fundit kemi marrë mbështetje të fortë nga Qeveria për projekte infrastrukturore, dhe nga programe dhe projekte të caktuara marrim mjete për rrugë, për ndërtimin e sistemeve të kanalizimit, për mbeturinat komunale dhe të ngjashme. Megjithatë, për të forcuar pushtetin lokal dhe për një autonomi financiare më të madhe, na nevojitet planifikim i parashikueshëm financiar, ndërsa pjesëmarrja në bruto produktin e brendshëm të jetë më e madhe se 5% sa është aktualisht", theksoi Gjorgjievski në fjalimin e tij para delegatëve të Kuvendit Gjeneral. Ai shprehu shpresën se në përputhje me Memorandumin e bashkëpunimit të nënshkruar mes BNJVL-së dhe Qeverisë së RMV-së do të fillojë realizimi i "takimeve buxhetore" të parashikuara ku pushteti lokal në kohë do të mund të reagojë për sigurimin e më shumë mjeteve në bllok dotacionet dhe për mjete të tjera për nevojat e komunave.

Gjorgjievski thekson edhe zotimet e BNJVL-së për thellimin e procesit të decentralizimit të pushtetit, veçanërisht në fushën e mbrojtjes sociale. Ai theksoi se në periudhën e kaluar BNJVL-ja siguroi analiza dhe modele të propozuara, ku dhe si të zbatohet decentralizimi në këtë fushë. Janë nisur biseda, ekziston një pajtim se komunat janë ato që janë më të informuara lidhur me gjendjen e popullsisë së tyre, prandaj në këtë drejtim, në periudhën e ardhshme priten aktivitete më intensive edhe në këtë fushë.

Këto janë disa nga sfidat me të cilat përballen komunat dhe Agjencia e Ushqimit dhe Veterinarisë në përpjekjet e tyre për të siguruar planifikim, organizim, koordinim dhe zbatim adekuat të aktiviteteve për menaxhim human dhe të qëndrueshëm të popullatës së qenve të endacakë në territorin e Republikës së Maqedonisë së Veriut. Në këtë drejtim, në periudhën nga prilli deri në mesin e qershorit 2026, BNJVL i'u bashkua aktiviteteve të Agjencisë së Ushqimit dhe Veterinarisë (AUV) dhe mori pjesë në organizimin e debateve rajonale në të cilat u ftuan përfaqësues nga komunat, shoqatat veterinare, strehimoret e qenve, shoqatat e ndryshme për mbrojtjen e kafshëve dhe qytetarë të shumtë për të diskutuar propozimet për ndryshime në Ligjin për Mbrojtjen dhe Mirëqenien e Kafshëve. Këto takime u drejtuan nga përfaqësues të grupit punues të formuar nga AUV, i cili përfshin disa institucione, duke përfshirë: BNJVL-në; Ministrinë për vetëqeverisje lokale; Fakultetin për mjekësi veterinare; Odën e veterinarëve; shoqatat për mbrojtjen e kafshëve. Grupi punues duhet të sigurojë planifikim, organizim, koordinim dhe zbatim të përshtatshëm të aktiviteteve për menaxhim human dhe të qëndrueshëm të popullatës së qenve endacakë në territorin e Republikës së Maqedonisë së Veriut. Të pranishmit u informuan me propozimet ligjore për përcaktimin e përgjegjësive të shërbimeve komunale (inspektorët e shërbimeve komunale dhe rojet e shërbimeve komunale) në lidhje me monitorimin dhe inventarizimin e popullatës së qenve dhe koteleve të pastrehë në territorin e një komune të caktuar dhe zhvillimin e detyrueshëm të planeve dhe programeve për menaxhimin e popullatës së pastrehë të qenve dhe maceve endacake, si dhe vendosjen e gjobave kundërvajtëse për pronarët e papërgjegjshëm të qenve dhe maceve endacake, të cilat do të

дискутираше и за предлозите за утврдување на матичен ветеринар на животните и за неговите задолженија. Од страна на ЗЕЛС беше нагласено дека секоја нова обврска за општините треба да биде проследена со нејзино соодветно финансирање за квалитетно спроведување, а беше посочена и потребата за субвенционирање од државата (прва фаза) заради активно и непречено спроведување на програмите за микрочипирање, стерилизација/кастрирање на бездомните кучиња/мачки, како и субвенционирање на прифатилишта за згрижување на бездомните животни.

Посебно внимание на состаноците беше посветено и на предлогот за изготвување општински стратегии за управување со популацијата на кучиња (подоцна и мачки), кои би претставувале основа за утврдување на националната стратегија за благосостојба на животните. Поради специфичностите на секој регион, беше предложено формирање на регионални работни групи што ќе им даваат поддршка на општините и ќе ги обезбедуваат потребни податоци и информации, а воедно ќе комуницираат и со националната работна група. Членовите од овие работни групи подоцна ќе дадат свој придонес во подготовката на идната националната стратегија. Сето ова се смета дека ќе придонесе за применливи и одржливи основи за мониторинг на вкупниот број кучиња во земјата во справувањето на секој плански регион. Присутните беа запознаени и со новата легислатива на ЕУ за благосостојбата на животните, особено со делот посветен на кучињата и мачките.

ishin më të larta dhe do të ndaheshin në përqindje midis komunës dhe institucioneve të tjera përkatëse. Në takime u diskutua edhe mbi propozimet lidhur me përcaktimin e veterinerit amë të kafshëve dhe për obligimet e tyre. Nga ana e BNJVL-së u theksua se çdo obligim i ri për komunat duhet të ndiqet me financimin e saj adekuat lidhur me zbatimin aktiv dhe të papenguar të programeve për mikroçipa, sterilizim/kastrim të qenve/maceve endacake nga ana e shtetit (faza e parë) si dhe subvencionimi i strehimore për strehim të kafshëve endacake.

Vëmendje e veçantë në takime iu kushtua edhe propozimit për përgatitjen e strategjive komunale për menaxhimin e popullatës së qenve (më vonë edhe të koteleve) të cilat do të përbënin bazën për përcaktimin e Strategjisë nacionale për mirëqenien e kafshëve. Për shkak të specifikave të secilit rajon, u propozua të krijohen grupe pune rajonale që do t'u ofronin mbështetje komunave dhe do të siguronin të dhënat dhe informacionin e nevojshëm ndërsa në të njëjtën kohë do të komunikonin me grupin nacional të punës. Anëtarët e këtyre grupeve të punës do të kontribuojnë më vonë në përgatitjen e Strategjisë së ardhshme nacionale. E tërë kjo konsiderohet se do të jep kontribut për baza të zbatueshme dhe të qëndrueshme për monitorim të numrit të përgjithshëm të qenve në vend lidhur me menaxhimin e çdo rajoni planifikues. Të pranishmit u informuan edhe me Legjislativën e re të BE-së për mirëqenien e kafshëve, veçanërisht me pjesën që i dedikohet qenve dhe maceve.

## ОПШТИНИТЕ И ДАВАТЕЛИТЕ НА УСЛУГИ ПОКАЖАА ИНТЕРЕС ЗА РАЗВИВАЊЕ НА ИНТЕГРИРАНИ СОЦИО-ЕКОНОМСКИ УСЛУГИ

На 19 и на 23 јуни, 2026 година ЗЕЛС, НАЛАС и ГИЗ спроведоа онлајн инфосесии за заинтересираните општини и давателите на социјални услуги, кандидати за апликација на отворениот повик од Програмата за јакнење на капацитетите на општините за унапредување на социо-економското учество на жени и девојки од ранливите категории. На сесиите учествуваа повеќе од 15 општини кои покажаа интерес за развивање на социјални услуги за следниве ранливи категории на жени и девојки:

- **жени и девојки жртви на родово базирано или семејно насилство,**
- **жени и девојки што живеат во рурални или оддалечени средини.**

## KOMUNAT DHE OFRUESIT E SHËRBIMEVE SHFAQËN INTERESIM PËR ZHVILLIMIN E SHËRBIMEVE TË INTEGRUARA SOCIO-EKONOMIKE

Më 19 qershor, 2026, BNJVL, NALAS dhe GIZ realizuan info-sesionin online lidhur me interesimin e komunave dhe ofruesve të shërbimeve sociale, kandidatët për aplikim në thirrjen e hapur nga Programi për përforcimin e kapaciteteve të komunave lidhur me avancimin e pjesëmarrjes socio-ekonomike të grave dhe vajzave nga kategoritë më të ndjeshme. Mbi 15 komuna u inkuadruan në sesionet të cilat treguan interesim për zhvillimin e shërbimeve sociale lidhur me këto kategori të ndjeshme të grave dhe vajzave:

- **gra dhe vajza viktime të dhunës së bazuar në gjini ose dhunë në familje;**
- **gra dhe vajza të cilat jetojnë në mjediset rurale ose mjediset më të largëta.**




Целта на средбата беше претставување на целите, мерките и активностите кои ќе бидат опфатени со Програмата за унапредувањето на социо-економското учество на жените и девојките од ранливите категории. Исто така, на средбата се објасни и начинот на аплицирање, критериумите и содржината на образецот за пријавување (пријавата), што е дел од повикот. Вториот дел од сесијата беше посветен на расчистување на дилемите што ги имаат потенцијалните апликанти поврзани со повикот, со што можеа да постават прашања, а ЗЕЛС, НАЛАС и ГИЗ, како спроведувачи на Програмата да им дадат одговори во текот на сесијата или дополнително преку електронска пошта. Во првиот дел од сесијата беше претставена целта, како и мерките на Програмата која на општините треба да им овозможи да креираат и воспостават **интегрирани социо-економски услуги (комбинација од социјални, образовни и/или услуги за вработување)** и политики засновани на докази, кои одговараат на повеќеслојните ранливости на избраните целни групи. Во рамките на Програмата, општинската администрација и давателите на услуги ќе добијат насочена стручна и техничка поддршка за зајакнување на нивните знаења и вештини за дизајнирање и спроведување на услуги засновани на докази во 3-те пакети:

Јакнење на општинските капацитети за креирање политики засновани на докази;

Јакнење на општинските капацитети за дизајнирање услуги;

Јакнење на општинските капацитети за воспоставување и испорака на услуги.

Qëllimi i takimit ishte prezantimi i qëllimeve, masave dhe aktiviteteve që do të mbulohen nga Programi për Promovimin e pjesëmarrjes socio-ekonomike të grave dhe vajzave nga kategoritë e ndjeshmërisë. Në takim u shpjegua edhe metoda e aplikimit, kriteret dhe u prezantua përmbajtja e formularit të aplikimit, i cili është pjesë e vetë thirrjes. Pjesa e dytë e sesionit i'u kushtua sqarimit të dilemave që kanë aplikuesit potencialë në lidhje me thirrjen, gjë që u dha atyre mundësinë të bëjnë pyetje dhe BNJVL, NALAS dhe GIZ si zbatues të Programit të japin përgjigje gjatë sesionit, ose në mënyrë plotësueseme përmes postës elektronike. Pjesa e parë e sesionit prezantoi objektivin dhe masat e Programit, të cilat duhet t'u mundësojnë komunave të krijojnë dhe të vendosin shërbime të **integruara socio-ekonomike (një kombinim i shërbimeve sociale, arsimore dhe/ose të punësimit)** dhe politika të bazuara në prova, të cilat i përgjigjen ndjeshmërive shumështresore të grupeve qëllimore të përzgjedhura. Në kuadër të Programit, administrata komunale dhe ofruesit e shërbimeve do të marrin mbështetje të synuar nga ekspertë dhe teknikë me qëllim përforcimi të njohurive dhe aftësive e tyre për hartimin dhe zbatimin e shërbimeve të bazuara në prova në 3 paketat:

Përforcimi i kapaciteteve komunale për hartimin e politikave të bazuara në prova;

Përforcimi i kapaciteteve komunale për hartimin e shërbimeve dhe

Përforcimi i kapaciteteve komunale për krijimin dhe ofrimin e shërbimeve.

Во секоја од овие мерки се предвидени активности. Сите осум општини ќе учествуваат на онлајн курсот „LNOB – Социјално мапирање и креирање политики засновани на докази". Понатаму, поддршка за социјалното мапирање е предвидена за 4 општини, а експертска и техничка поддршка за воспоставување на социо-економски услуги за жени и девојки ќе добијат само 2 општини во износ од 7 000 евра. Како што беше објаснето, директни корисници на Програмата се општините кои се посветиле на дизајнирање, воведување и испорака на интегрирани социо-економски услуги во партнерство со локалните даватели на услуги кои имаат лиценца или имаат потенцијален капацитет да испорачуваат интегрирани социо-економски услуги. Крајни корисници на програмата се жени и девојки жртви на родово базирано или домашно насилство и жени и девојки од руралните и подалечните средини. Како додадена вредност на овој проект е што сите првично одбрани 8 општини ќе учествуваат во активноста „Кластер за учење" и ќе развијат концепти за социо-економски услуги, врз основа на наодите од социјалното мапирање и други локално достапни податоци.

По завршување на крајниот повик, од 26 јуни до средината на јули, Комисијата за евалуација составена од претставници од ЗЕЛС, НАЛАС и ГИЗ, ќе ги разгледува пристигнатите апликации. До средината на јули ќе треба да бидат објавени и најдобро рангираните 8 општини. Во текот на август и септември се врши подготовка и обука за социјално мапирање, а теренската работа се спроведува од октомври до средината на ноември, по што, до средината на декември ќе се подготвуваат извештаи.

Врз основа на резултатите од мапирањето, општините до февруари 2027 година треба да покажат политичка волја за интеграција на препораките, а во март и април да ги усогласат локалните стратешки документи. Паралелно, од декември 2026 до февруари 2027 година, ќе се работи на дијазнирање на концептите за услуги, при што во март 2027 се избираат нови општини за понатамошна поддршка. Во периодот од март до октомври 2027 ќе се воспоставуваат и спроведуваат социо-економските услуги, а процесот завршува со завршна размена на искуствата на крајот од октомври 2027 година, додека во текот на целиот циклус се обезбедува континуирана програмска поддршка.

Во вториот дел од инфосесијата беше нагласено дека давателот на услуга не мора да поседува лиценца за социјалната услуга што општината планира да ја дизајнира, но треба да има потенцијални капацитети за да може во текот на Програмата или по завршувањето да се стекне со лиценца. Одреден давател на услуга може да се пријави со една или со повеќе општини на посебни апликации, за иста услуга. Присутните беа информирани дека услугата што планираат да ја развијат не треба да се вреднува според тоа колку лица ќе бидат вработени, што е

Në të gjitha prej këtyre masave janë parashikuar aktivitete. Të gjitha tetë komunat do të marrin pjesë në këtë kurs online "LNOB- Rrjetëzim social dhe krijim të politikave të themeluara në prova. Mëtej, përkrahja për rrjetëzim social është parashikuar për 4 komuna, ndërsa përkrahja nga ekspertë dhe teknikë lidhur me themelimin e shërbimeve sociale-ekonomike për gratë dhe femrat do të marrin vetëm 2 komuna në vlerë prej 7.000 euro. Siç u shpjegua, përfituesit e drejtpërdrejtë të Programit janë komunat që janë të përkushtuara për të hartuar, zbatuar dhe ofruar shërbime të integruara socio-ekonomike në partneritet me ofruesit e shërbimeve lokale që janë të licencuar ose kanë kapacitetin potencial për të ofruar shërbime të integruara socio-ekonomike. Përfituesit përfundimtarë të Programit janë gratë dhe vajzat viktima të dhunës me bazë gjinore ose në familje dhe gratë dhe vajzat nga zonat rurale dhe më të largëta. Si një vlerë e shtuar e këtij projekti, të 8 komunat e përzgjedhura fillimisht do të marrin pjesë në aktivitetin e Kllasterit të mësimit dhe do të zhvillojnë koncepte për shërbimet socio-ekonomike, bazuar në gjetjet e Hartës sociale dhe të dhëna të tjera të disponueshme në nivel lokal.

Pas përfundimit të thirrjes përfundimtare, nga 26 qershori deri në mesin e korrikut, aplikimet e pranuara do të shqyrtohen nga një Komision Vlerësimi i përbërë nga përfaqësues nga BNJVL, NALAS dhe GIZ. 8 komunat kryesore duhet të shpallen deri në mesin e korrikut. Gjatë gushtit dhe shtatorit, kryhen përgatitjet dhe trajnimet për hartëzimin social, dhe puna në terren kryhet nga tetori deri në mesin e nëntorit, pas së cilës raportet përgatiten deri në mesin e dhjetorit.

Bazuar në rezultatet e hartëzimit, komunat duhet të demonstrojnë vullnet politik për të integruar rekomandimet deri në shkurt 2027 dhe për të harmonizuar dokumentet strategjike lokale në mars dhe prill. Paralelisht, nga dhjetori 2026 deri në shkurt 2027, do të punohet për hartimin e koncepteve të shërbimeve, me komunat e përzgjedhura për mbështetje të mëtejshme në mars 2027. Në periudhën mars-tetor 2027, do të krijohen dhe zbatohen shërbimet socio-ekonomike dhe procesi do të përfundojë me një shkëmbim përfundimtar përvojash në fund të tetorit 2027, ndërsa mbështetja e vazhdueshme e programit do të ofrohet gjatë gjithë ciklit.

Në pjesën e dytë të info-sesionit u theksua se ofruesi i shërbimit nuk duhet poseduar licencë për shërbimin social që komuna planifikon t'a dizajnojë, por duhet të ketë kapacitete potenciale për të qenë në gjendje për të marrë një licencë gjatë Programit ose pas përfundimit. Një ofrues i caktuar shërbimi mund të aplikojë në një ose më shumë komuna në aplikime të ndara, për të njëjtin shërbim. Ajo që i'u tha atyre ishte se shërbimi që planifikojnë të zhvillojnë nuk duhet të vlerësohet nga numri i të punësuarve që do të kenë, gjë që lidhet me procesin e licencimit, por nga numri i personave nga kategoria

поврзано со процесот на лиценцирање, туку на колку лица од ранливата категорија понатаму ќе им се даде таа услуга. Низ дискусијата се потенцираше дека услугата што општината и давателот на услуга има интенција да ја развие треба да има интегрирано социо-економско вклучување на жените и девојките жртви на родово базираното насилство или жените од руралните средини и ова ќе се вреднува многу за изборот на општините. Една од организациите најави можна апликација со меѓуопштинска соработка, што исто така е голема предност. Понатаму, една од општините се интересираше за можноста локалната самоуправа да стане давател на услуга, што законски не ги спречува, иако досега нема вакви практикувања кај нас, а и самата апликација инсистира за соработка на општината со давател на услуга. Во однос на прашањата за кофинансирање на општините, им се објасни дека тоа не предвидува некои големи финансии за ангажирање на 4-5 теренски работници. Но, и дека тоа може да го реши во соработка со потенцијалниот давател на услуга, волонтерите во младинските совети, студентите итн. Беше потенцирано услугата што планираат да ја развијат да биде фокусирана на ранливите групи наведени во повикот. За другите дилеми што ги имаат беше кажано дека ќе бидат расчистени на следната онлајн инфосесија закажана за 23 јуни во 10ч.

Програмата за јакнење на капацитетите се организира во рамките на проектот „Мостови за инклузија", кој го спроведуваат NALAS и неговите членки од Западен Балкан, во рамките на регионалниот проект „Унапредување на социо-економската вклученост во општините од Западен Балкан" (SPARK), имплементиран од Германското друштво за меѓународна соработка (GIZ, во име на Германското сојузно министерство за економска соработка и развој (BMZ).

e ndjeshmërisë që do t'u ofrohet ky shërbim në të ardhmen. Gjatë diskutimit, u theksua se shërbimi që komuna dhe ofruesi i shërbimit synojnë të zhvillojnë duhet të ketë një përfshirje të integruar socio-ekonomike të grave dhe vajzave viktima të dhunës me bazë gjinore ose grave rurale, dhe kjo do të vlerësohet shumë për përzgjedhjen e komunave. Një nga organizatat njoftoi një aplikim të mundshëm me bashkëpunim ndërkomunal, i cili është gjithashtu një avantazh i madh. Për më tepër, një nga komunat ishte e interesuar për mundësinë që qeveria lokale të bëhet ofruese shërbimesh, gjë që nuk i pengon ligjërisht, megjithëse deri më tani nuk ka pasur praktika të tilla në vendin tonë, dhe plus vetë aplikimi këmbëngul në bashkëpunimin midis një komune dhe një ofruesi të shërbimeve. Lidhur me çështjet e bashkëfinancimit, komunave i'u shpjegua se kjo nuk parashikon ndonjë financim të madh për angazhimin e 4-5 të punësuarve në terren. Megjithatë, kjo mund të zgjidhet edhe në bashkëpunim me ofruesin potencial të shërbimit, vullnetarët në këshillat rinore, studentët, etj. U theksua se shërbimi që ata planifikojnë të zhvillojnë duhet të përqendrohet në grupet e ndjeshme të paraqitura në thirrjen në fjalë. Dilemat e tjera që ata kanë do të sqarohen në sesionin e ardhshëm informativ online të planifikuar për 23 qershor, në orën 10:00.

Programi për përforcimin e kapaciteteve organizohet në kuadër të projektit "Urat për inkluzion", të cilin e zbatojnë NALAS dhe anëtaret e tij nga Ballkani Perëndimor, në kuadër të projekteve "Avancim të inkluzionit socio-ekonomik në komunat nga Ballkani Perëndimor" (SPARK), të implementuar nga Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ), në emër të Ministrisë federale gjermane për bashkëpunim ekonomik dhe zhvillim (BMZ).

## ГРАДОНАЧАЛНИЧКАТА НА НЕГОТИНО, МАРИЈА НАЦЕВА, ИЗБРАНА ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈАТА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА СИСТЕМОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНИТЕ

Градоначалничката на Општина Неготино, Марија Нацева, е избрана за претседател на Комисијата за следење на развојот на системот за финансирање на општините на 54-тата седница, која се одржа на 25 јуни 2026 година. Ова е првиот состанок на Комисијата во новиот состав на градоначалници, чии мандати започнаа минатата година, по спроведувањето на локалните избори, а во ова тело беа номинирани од Управниот одбор на ЗЕЛС. Во оваа Комисија мнозинството членови се претставници

## KRYETARJA E NEGOTINËS, MARIJA NACEVA U ZGJODH KRYETARE E KOMISIONIT PËR NDJEKJEN E ZHVILLIMIT TË SISTEMIT PËR FINANCIM TË KOMUNAVE

Kryetarja e komunës së Negotinës, Marija Naceva u zgjodh për kryetare e Komisionit për ndjekjen e zhvillimit të sistemit të financimit të komunave në seancën e 54, që u mbajt më, 25 qershor, 2026. Kjo është mbledhja e parë e Komisionit me përbërje të re të kryetarëve të komunave mandati i të cilëve filloi vitin e kaluar pas mbajtjes së zgjedhjeve lokale, ndërsa në këtë trup u nominuan nga ana e Bordit drejtues të BNJVL-së. Në këtë Komision shumica e anëtarëve janë përfaqësues të pushtetit lokal, respektivisht nga gjithsej 13 anëtarë, shtatë



од локалната власт, односно, од вкупно 13 члена седум се градоначалници, а останатите петмина се претставници од министерствата од каде што општините добиваат блок дотации за спроведување на дел од своите децентрализирани надлежности. Присутните избраа и заменик-претседател на Комисијата, Радмила Сандева и секретар, Александра Петкановска, и двете претставници од Министерството за финансии.

На дневен ред на седницата беше ставена и точката за утврдување на Деловник за работа на Комисијата, кој воедно беше усвоен од присутните, а се дискутираше и за Предлог-уредбата за методологијата за распределба на средствата од приходите од данокот на додадена вредност по општини за 2027 година и Предлог-уредбата за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотациите од областа на културата за 2027 година. Беа изнесени ставовите на ЗЕЛС за неопходноста од зголемување на средствата за локалната власт во насока на обезбедување поголема финансиска стабилност на општините. Во двете формули не беа предвидени измени, па присутните едногласно ги усвоија. Под точката разно се дискутираше и за останатите уредби што треба да ги разгледува Комисијата, меѓу кои за основно и за средно образование, како и Уредбата за блок дотациите за социјална грижа. Се очекува во следниот период Комисијата да одржи нов состанок на кој на дневен ред ќе бидат ставени и овие уредби.

janë kryetarë të komunave ndërsa pesë të tjerët janë përfaqësues të ministrive prej ku komunat marrin bllok dotacione për zbatimin e një pjese nga kompetencat e decentralizuara. Të pranishmit zgjodhën gjithashtu një zëvendëskryetare të Komisionit, Radmilla Sandeva dhe një Sekretare, Aleksandra Petkanovska, të dyja përfaqësuese nga Ministria për financa.

Në rendin e ditës së seancës ishte edhe pika për përcaktimin e Rregullores së punës së Komisionit, e cila gjithashtu u miratua nga të pranishmit si dhe u diskutuan Propozim-Rregullorja për Metodologjinë për Shpërndarjen e mjeteve nga të Ardhurat e Tatimit mbi Vlerën e Shtuar sipas Komunave për vitin 2027 dhe Propozim-Rregullorja për Metodologjinë për Përcaktimin e Kritereve lidhur me shpërndarjen e bllok dotacioneve në Fushën e Kulturës për vitin 2027. U paraqitën qëndrimet e BNJVL-së lidhur me domosdoshmërinë e rritjes së mjeteve për vetëqeverisjen lokale me qëllim sigurimin e stabilitetit më të madh financiar të komunave. Nuk u parashikuan ndryshime në të dyja formulat, kështu që të pranishmit i miratuan unanimisht. Nën këtë pikë, u zhvilluan diskutime të ndryshme mbi rregulloret e mbetura që Komisioni duhet t'i shqyrtojë, duke përfshirë ato për arsimin fillor dhe të mesëm, si dhe rregulloret për bllok-dotacionet për kujdesin social. Pritet që Komisioni të mbajë mbledhje të re në periudhën e ardhshme, në të cilin edhe këto rregullore do të vendosen në rendin e ditës.



## ЗЕЛС ОРГАНИЗИРАШЕ РАБОТИЛНИЦА ЗА ПОДДРШКА НА ОПШТИНИТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПЛАН ЗА ОПТИМИЗАЦИЈА НА УЧИЛИШНАТА МРЕЖА

Реформи во основното и средното образование – оптимизација на мрежата на општинските училишта, поефикасно организирање на превозот на ученици, воведување проширена програма во основните училишта и воспоставување општински центри за поддршка, беа темите на кои дискутираа претставниците од општинската администрација на трите еднодневни работилници што се одржаа во периодот 23 – 25 јуни 2026 година, во Велес, а ги организираа: ЗЕЛС, Министерството за образование и наука и УНИЦЕФ. Беа поканети по двајца претставници од секоја општина, одговорни за образованието или лица што учествуваат во тимот за спроведување на оптимизацијата во општината, и одзивот беше на високо ниво.

Пред присутните беа изнесени податоци од МОН кои укажуваат на досегашното непочитување на законските одредби за формирање паралелка со најмалку 20 ученици, што во континуитет предизвикало да се создадат „вишок

## BNJVL ORGANIZOI PUNËTORI PËR PËRKRAHJEN E KOMUNAVE LIDHUR ME PËRPILIMIN E PLANIT PËR OPTIMIZIM TË RRJETIT SHKOLLOR

Reformat për arsimin fillor dhe arsimin e mesëm – optimizimi i rrjetit të shkollave komunale, organizimi më efikas i transportit të nxënësve, themelimi i programit në shkollat fillore dhe themelimi i qendrave për përkrahje ishin temat mbi të cilat përfaqësuesit e administratës komunale diskutuan në tre punëtoritë njëditore që në periudhën prej 23-25 qershor, 2026 në Veles, i organizuan: BNJVL, Ministria për arsim dhe shkencë dhe UNICEF. U ftuan dy përfaqësues nga secila komunë, përgjegjës për arsimin ose persona që morën pjesë në ekipin që zbatonte optimizimin në komunë dhe përgjigjja ishte në një nivel të lartë.

Të pranishmëve i'u prezantuan të dhëna nga Ministria për Arsim dhe shkencë që tregonin mosrespektimin e mëparshëm të dispozitave ligjore për formimin e një klase me të paktën 20 nxënës, gjë që ka shkaktuar vazhdimisht krijimin e "klasave të tepërta" në një numër të madh shkollash. Gjithashtu u theksua se një shkollë qendrore është formuar në mënyrë të paligjshme






параделки“ во голем број училишта. Исто така беше укажано и на незаконското формирање на централно училиште без обезбедување на законскиот минимум од по две паралелки во секое ниво, односно со најмалку 18 паралелки. Според анализите на МОН, бројот на вакви паралелки во некои општини достигнува вишок од 80, па и повеќе паралелки, што повлекло ангажирање на поголем број наставен кадар од објективно потребниот. Тоа пак предизвикува процентот од блок дотацијата во голем број општини да се троши на плати за наставниците, а според анализите на МОН, во 10 општини 100 % од овие средства се трошат исклучиво за оваа намена, а во најголем број од останатите општини изнесува повеќе од 80 % или 90 %. Годишната заштеда од укинување на една паралелка, според изнесените пресметки, се движи од 1 392 302 денари за одделенска настава и 1 662 061 денар за предметна настава. И сето тоа не довело до подобрување на образовните способности на учениците, бидејќи просечно, на единаесет деца имаме еден наставник. Напротив, според меѓународните истражувања имаме ниски резултати кај нашите ученици, односно со девет години настава тие се стекнуваат со знаења како да поминале седум години. Во таа насока се и заложбите на МОН за подобрување на квалитетот на наставата и објективно искористување на средствата за оваа намена преку новата формула за распределба што се имплементира од 1 јануари 2026 година, која нужно повлекува и квалитетно оптимизирање на училишната мрежа.

Па така, општините треба до МОН да достават предлог-план за оптимизација на училишната мрежа за прво и шесто одделение, кој треба да биде одобрен од Министерството. Во таа насока беше организирана и оваа работилница на која интерактивно се дискутираше за чекорите за изработка на оптимизацискиот план на општината, каде беа изнесени детално чекорите на

pa siguruar minimumin ligjor prej dy klasash në secilin nivel, pra me të paktën 18 klasa. Sipas analizave të Ministrisë për arsim dhe shkencë, numri i klasave të tilla në disa komuna arrin një tejkalim prej 80 ose edhe më shumë klasash, gjë që ka çuar në punësimin e një numri më të madh të kuadrit mësimdhënës sesa është objektivisht i nevojshëm. Kjo nga ana tjetër bën që përqindja e bllok-dotacionit në një numër të madh komunash të shpenzohet për pagat e mësimdhënësve dhe sipas analizave të Ministrisë për arsim dhe shkencë, në 10 komuna 100% e këtyre mjeteve shpenzohen vetëm për këtë qëllim ndërsa në shumicën e komunave të mbetura është më shumë se 80% ose 90%. Kursimet vjetore nga heqja e një klase, sipas kalkulimeve të paraqitura, variojnë nga 1.392.302 denarë për mësim si kujdestar klase dhe 1.662.061 denarë për mësim të lëndës. Megjithatë e gjithë kjo nuk ka çuar në përmirësim të aftësive arsimore të nxënësve, sepse mesatarisht kemi një mësues për njëmbëdhjetë fëmijë. Përkundrazi, sipas hulumtimeve ndërkombëtare, kemi rezultate të ulëta tek nxënësit tanë, domethënë, me nëntë vjet mësim ata fitojnë njohuri sikur të kenë kaluar shtatë vjet. Në këtë drejtim janë përpjekjet e Ministrisë për arsim dhe shkencë për të përmirësuar cilësinë e mësimdhënies dhe përdorimin objektiv të mjeteve për këtë qëllim përmes formulës së re të shpërndarjes, e cila zbatohet nga 1 janari 2026, e cila domosdoshmërisht nënkupton një optimizim cilësor të rrjetit shkollor.

Në këtë mënyrë, komunat duhet t'i paraqesin Ministrisë për arsim dhe shkencë një propozim-plan për optimizimin e rrjetit shkollor për klasat e para dhe të gjashta, i cili duhet të miratohet nga Ministria. Në këtë drejtim, u organizua kjo punëtori, ku u diskutuan në mënyrë interaktive hapat për zhvillimin e planit të optimizimit të komunës, ku u prezantuan në detaje hapat për përgatitjen për optimizim, formimin e ekipeve, shqyrtimin e të gjitha opsioneve të mundshme për





подготовка за оптимизација, формирање тимови, разгледување на сите можни опции за подобрување на квалитетот на наставата и слично. Беше посочено да се води грижа квалитетниот и искусен наставен кадар да се искористи во насока на подобрување на квалитетот на наставата. Во таа насока дел од наставниците може да бидат вклучени во дневен престој или организирање на дополнителна настава или друг вид наставни активности. Онаму, каде што нема потреба за трансформирање на работните места, најчесто поради континуираното намалување на децата, тоа да не се прави. Да им се понуди можноста за доброволно пријавување за образовни асистенти, при што не го губат статусот на наставник, ниту постојната плата, како и можноста по една година, доколку се создадат услови, повторно да се вратат како наставници. Исто така беше предложено оние наставници што веќе имаат квалификации од претходниот период, за работа во градинка, да се искористат во детските установи на општината каде што немаат доволно вакви лица. Во овој процес беше нагласена и можноста општината секоја година да направи соодветна реонизација на училиштата на својата територија, но беше предложена и можноста за обезбедување сопствен превоз преку јавните комунални претпријатија. Беа изнесени добри примери на значителна заштеда кај оние општ ини што обезбедиле сопствен превоз, а меѓу нив е и примерот на меѓуопштинска соработка на трите општини: Битола, Новаци и Долнени. Беше посочено дека МОН, преку УНИЦЕФ, им дава и конкретна непосредна поддршка на 35 општини, но дека во пресрет им се излегува и на оние општини што не се влезени во програмата, а изразуваат потреба за тоа.

## Бурни реакции од општините

Претставниците на локалната власт револтирано реагираа на „резот“ што МОН го постави во еден толку краток период да се направи сериозна реорганизација

përmirësimin e cilësisë së mësimit, etj. U theksua se duhet të tregohet kujdes për përdorimin e kuadrit mësimdhënës cilësor dhe me përvojë me qëllim përmirësimin e cilësisë së mësimit. Në këtë drejtim, disa nga mësuesit mund të përfshihen në kujdesin ditor ose në organizimin e mësimdhënies shtesë ose llojeve të tjera të aktiviteteve mësimore. Aty ku nuk ka nevojë të transformohen vendet e punës, më shpesh për shkak të zvogëlimit të vazhdueshëm të fëmijëve, kjo nuk duhet të bëhet. Atyre duhet t'u ofrohet mundësia të aplikojnë vullnetarisht për asistentë arsimorë, me ç'rast nuk e humbin statusin e tyre si mësues ose pagën e tyre ekzistuese, si dhe mundësinë pas një viti, nëse krijohen kushte, të kthehen përsëri si mësues. Gjithashtu u propozua që ata mësues që tashmë kanë kualifikime nga periudha e mëparshme për të punuar në kopshte të përdoren në institucionet komunale të fëmijëve ku nuk ka mjaftueshëm persona të tillë. Në këtë proces, u theksua edhe mundësia që komuna të bëjë një rajonalizim të përshtatshëm të shkollave në territorin e saj çdo vit, por u propozua edhe mundësia e sigurimit të transportit të vet përmes kompanive publike. U paraqitën shembuj të mirë të kursimeve të konsiderueshme midis atyre komunave që siguruan transportin e tyre, dhe midis tyre është shembulli i bashkëpunimit ndërkomunal të tre komunave: Manastir, Novaci dhe Dollneni. U theksua se Ministria e Arsimit, përmes UNICEF, gjithashtu ofron mbështetje të drejtpërdrejtë konkrete për 35 komuna, por se ajo plotëson edhe nevojat e atyre komunave që nuk janë të përfshira në program, por shprehin nevojë për të.

## Reagime të shumta nga komunat

Përfaqësuesit e vetëqeverisjes lokale reaguan të revoltuar ndaj "shkurtimit" që Ministria për arsim shkencë vendosi në një periudhë kaq të shkurtër për të bërë një riorganizim serioz në





предизвика социјални и политички реперкусии. Беше нагласено дека и во изминатиот период МОН имало можност да им укаже на општините за непочитување на законските одредби, но тоа не било сторено во ниту една општина, напротив биле поддржани бројните вработувања и трансформации на работните места. Посочија дека се затекнати од овој пристап, особено во овој период кога државата се соочува со постојано иселување и намалување на бројот на децата. Сметаат дека се затекнати од тоа да се укинуваат училишта и паралелки, бидејќи најчесто таквите паралелки ги има во ридско- планинските подрачја и во подрачја каде што се користат повеќе јазици во наставата. Нагласено беше дека голем број од нетрансформираните работни места, некаде и со повеќе од пет години работно искуство во оваа дејност е токму заради непредвидливоста на уписот на деца во следната година, а сега треба тие наставници да останат без работа. Бројни реакции имаше и во однос на превозот, односно дека општините години наназад укажуваат дека постојат здружувања во тендерски набавки кај превозниците, но дека ништо не е преземено, и досега нема никаква поддршка со возила или други средства за оваа намена. Голем број општини од своите средства издвојуваат за набавка на возила, но се соочуваат со законски пречки доколку за тоа немаат формирано јавно претпријатие кое би било пак дополнителен трошок за нив. Тие нагласија дека една ваква реформа мора да оди постепено во одреден подолг период и со силна контрола од централната власт, но и со фер и подеднаков третман за сите општини. Претставниците од општините предложија дека во предлог-планот за оптимизација што ќе го достават до МОН, ќе достават издржани образложенија за оние места каде што сметаат дека не може да укинат паралелка со мал број ученици и дека очекуваат разбирање за таквите состојби. Притоа присутните беа информирани и дека МОН апсолутно ги има предвидено и ваквите моменти и во самата формула утврдила

rrjetin shkollor, i cili pritet të shkaktojë pasoja të pashmangshme sociale dhe politike. U theksua se në periudhën e kaluar, Ministria për arsimit dhe shkencë pati mundësinë t'u tregonte komunave për mosrespektimin e dispozitave ligjore, por kjo nuk u bë në asnjë komunë, përkundrazi, u mbështetën punësime dhe transformime të shumta të vendeve të punës. Ata theksuan se ishin të befasuar nga kjo qasje, veçanërisht në këtë periudhë kur vendi po përballet me emigracion të vazhdueshëm dhe një rënie të numrit të fëmijëve, për të shfuqizuar shkollat dhe klasat, sepse klasa të tilla më shpesh gjenden në zona kodrinore dhe malore dhe në zona ku përdoren gjuhë të shumëfishta gjatë mësimit. U theksua se një numër i madh i vendeve të punës të patransformuara, ndonjëherë me më shumë se pesë vjet përvojë pune në këtë aktivitet, është pikërisht për shkak të paparashikueshmërisë së regjistrimit të fëmijëve në vitin e ardhshëm dhe tani ata mësues duhet të mbeten pa punë. Reagime të shumta pati edhe në fushën e transportit, përkatësisht se komunat prej vitesh kanë treguar se ka shoqërime në furnizimet me tenderëve me kompanitë e transportit, por asgjë nuk është ndërmarrë, dhe deri më tani nuk ka pasur mbështetje me automjete ose mjete të tjera për këtë qëllim. Një numër i madh komunash ndajnë fondet e tyre për furnizimin publik të automjeteve, por ato përballen me pengesa ligjore nëse nuk kanë themeluar një ndërmarrje publike për këtë, gjë që do të ishte një shpenzim shtesë për to. Ata theksuan se një reformë e tillë duhet të vazhdojë gradualisht gjatë një periudhe të caktuar më të gjatë dhe me kontroll të fortë nga qeveria qendrore, por edhe me trajtim të drejtë dhe të barabartë për të gjitha komunat. Përfaqësuesit e komunave propozuan që në planin e optimizimit që do t'ia paraqesin Ministrisë së Arsimit, të paraqesin shpjegime të forta për ato vende ku besojnë se nuk mund të shfuqizojnë një klasë me një numër të vogël nxënësish dhe se presin mirëkuptim për situata të tilla. Njëkohësisht, të pranishmit u informuan gjithashtu se Ministria për arsim dhe shkencë i ka parashikuar absolutisht momente të tilla dhe ka përcaktuar në

„заштитени училишта", но и категоризација на финансирањето, според опрема, оддалеченост, површина, број на училници, греење и слично.

vetë formulën "shkolla të mbrojtura" si dhe një kategorizim të financimit, sipas pajisjeve, distancës, sipërfaqes, numrit të klasave, ngrohjes e të ngjashme.

**Формирање на општински центри за поддршка и пробно спроведување на модел на проширена програма**

На оваа работилница присутните беа информирани и за законската обврска на општината да формира центар за поддршка на учењето за децата со попреченост во основното образование. Тоа не е посебно тело и треба да се формира во најсоодветното училиште како составен дел од неговата организација, но е во функција на децата од сите училишта на општината бидејќи неговата цел е да обезбеди функционален и одржлив модел на поддршка. Беа објаснети сите чекори за негово формирање, услови и начин на работа.

Исто така присутните се запознаа дека преку проектот на МОН за унапредување на основното образование, што се реализира со средства од Светска банка, ќе може да аплицираат за имплементирање на модел за проширена програма во две одделенија од основно образование од дваесет пилот-училишта. Станува збор за спроведување на програма како дополнување на редовната настава заради образовен поттик за децата. Во јавниот повик што се очекува да биде објавен наскоро, ќе бидат изнесени и конкретни критериуми за аплицирање, а избраните дваесет училишта ќе добијат околу 10 000 евра за спроведување на програмата.

**Formimi i qendrave komunale për përkrahjen dhe pilotimin e modelit të programit të zgjeruar**

Në këtë punëtori, pjesëmarrësit u informuan edhe për detyrimin ligjor të komunës për të krijuar një Qendër për përkrahjen e mësimit për fëmijët me aftësi të kufizuara në arsimin Fillor. Ky nuk është një trup i veçantë dhe duhet të krijohet në shkollën më të përshtatshme si pjesë integrale e organizimit të saj, por është në funksion të fëmijëve nga të gjitha shkollat në komunë sepse qëllimi i të njëjtit është të ofrojë model funksional dhe të qëndrueshëm të mbështetjes. U shpjeguan të gjitha hapat për krijimin e saj, kushtet dhe mënyra e funksionimit.

Pjesëmarrësit u informuan gjithashtu se përmes projektit MASH për përmirësimin e arsimit fillor, i cili po zbatohet me fonde nga Banka Botërore, ata do të jenë në gjendje të aplikojnë për zbatimin e një modeli për programin e zgjeruar në dy klasa të arsimit fillor nga njëzet pilot-shkolla. Bëhet fjalë për realizimin e programit si plotësim të mësimit të rregullt për shkak të nxitjes arsimore për nxënësit. Në thirrjen publike që pritet të shpallet së shpejti do të parashtrohen edhe kritere konkrete për aplikim, ndërsa njëzet shkollat e zgjedhura do të marrin rreth 10.000 për implementimin e programit në fjalë.







# IN MEMORIAM

## Сочувство за загубата на нашиот градоначалник, Јовица Илиевски

ЗЕЛС упатува искрено жалење за огромната загуба на нашиот градоначалник Јовица Илиевски, чија ненадејна смрт не погоди сите. Тој беше навистина голем човек, кој со својата скромност, добрина, ведар и спортски дух ги охрабруваше сите да се залагаат за фер борба и истрајност до постигнување на високи резултати. Се спротивставуваше на стереотипите и предрасудите и искрено веруваше во заедницата. Неговата смрт е огромна и ненадоместлива загубата не само за неговото семејство, но и за неговата општинска администрација, за колегите - градоначалници, за сите жители на Општина Брвеница и на нашата земја. ЗЕЛС загуби искрен пријател и поддржувач чиј придонес во двата мандата како градоначалник, но и како општински советник остави силен белег во развојот на децентрализацијата на власта во земјата, но и во градењето на единството во ЗЕЛС. Силно се залагаше помалите општини да добиваат повеќе средства за сопствен развој, сите да живеат во слога и изобилство и никој да не го напушта своето огниште. Преку својот пример на грижа кон секого, сакаше да ги научи и другите да покажат „спортски дух“, меѓусебно да си помагаат, но и да работат истрајно кон постигнување на целта. Неговата цел беше Општина Брвеница да биде најубавото место за живеење, граѓаните да ги имаат сите потребно услови и да ги добиваат најквалитетни услуги. Но не само што сакаше, тој напорно работеше на остварување на таа цел, тивко, ненаметливо, исто како што тоа го правеше и во спортот, но секогаш кон целта. Ги учеше сите да дадат сопствен позитивен придонес, со што ќе придонесат кон заедничкото, колективно добро. Спортскиот дух го пренесе на „терен“ на општината, а голот за него претставуваше обезбедување на повеќе и поквалитетни услуги за своите граѓани.

ЗЕЛС загуби човек, кој со својата сила и искуства претставуваше силна потпора за нејзин континуиран развој и поборник за целосно решавање на сите предизвици со кои се соочувавме. ЗЕЛС упатува искрено жалење за огромната загуба пред сè до неговото семејство, како и до вработените во Општина Брвеница и до членовите на Советот.

**Почивај во мир, наш драг градоначалнику!**

# IN MEMORIAM

## Ngushëllime për humbjen e kryetarit tonë, Jovica Ilievski

BNJVL shpreh ngushëllimet e saj të sinqerta për humbjen e madhe të kryetarit tonë Jovica Ilievski, vdekja e papritur e të cilit na ka prekur të gjithë. Ai ishte një njeri vërtet i madh, i cili me modestinë, mirësinë, gëzimin dhe sportivitetin e tij i inkurajoi të gjithë të angazhoheshin për një luftë të drejtë dhe këmbëngulje për të arritur rezultate të larta. Ai kundërshtoi stereotipet dhe paragjykimet dhe sinqerisht besoi në bashkësinë. Vdekja e tij është një humbje e madhe dhe e pazëvendësueshme jo vetëm për familjen e tij, por edhe për administratën e tij komunale, për kolegët e tij – kryetarët e komunave, për të gjithë banorët e Komunës së Bërvenicës dhe për vendin tonë. BNJVL ka humbur një mik dhe mbështetës të sinqertë, kontributi i të cilit në të dy mandatet si në mandatin e kryetarit të komunës, por edhe si këshilltar komunal la gjurmë të forta në zhvillimin e decentralizimit të pushtetit në vend, por edhe në ndërtimin e unitetit në BNJVL. Ai mbështeti fuqimisht që komunat më të vogla të marrin më shumë mjete për zhvillimin e tyre, që të gjithë të jetojnë në harmoni dhe të kenë pasuri të mjaftueshme dhe që askush të mos largohet nga shtëpia e tij. Përmes shembullit të tij të kujdesit për të gjithë, ai donte t'u mësonte të tjerëve të tregonin "shpirt sportiv", të ndihmonin njëri-tjetrin, por edhe të punonin me këmbëngulje drejt arritjes së qëllimit. Qëllimi i tij ishte që Komuna e Bërvenicës të ishte vendi më i bukur për të jetuar, që qytetarët të kishin të gjitha kushtet e nevojshme dhe të merrnin shërbimet me cilësinë më të lartë. Por jo vetëm që ai e donte, por punoi shumë për ta arritur këtë qëllim, në heshtje, pa u vënë re, ashtu siç bënte në sport, por gjithmonë drejt qëllimit. Ai i mësoi të gjithëve të jepnin kontributin e tyre pozitiv, duke kontribuar kështu në të mirën e përbashkët, kolektive. Ai e transferoi “shpirtin sportiv” në komunë dhe qëllimi për të ishte të ofronte shërbime më cilësore për qytetarët e saj.

BNJVL humbi njeri, i cili me forcën dhe përvojën e tij, ishte një mbështetje e fortë për zhvillimin e saj të vazhdueshëm dhe një kampion për zgjidhjen e plotë të të gjitha sfidave me të cilat u përballëm. BNJVL shpreh ngushëllimet e saj të sinqerta për humbjen e madhe, para së gjithash familjes së tij, si dhe të punësuarve në Komunën e Bërvenicës dhe anëtarëve të Këshillit.

**Pusho në paqe, kryetari jonë i dashur!**

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË
REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT




**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ**

тел. +389 (0) 2 30 99 033
ул. „Копенхагенска“ бр. 5, п.фах 32, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk

**INFORMACIONE PËR KONTAKT**

tel. +389 (0) 2 30 99 033
rr. Kopenhagenska nr. 5, F.P. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
contact@zels.org.mk | www.zels.org.mk